ВЕЧЕР 13-10-2009

ЛИДИЈА ГАВРИЛОВА, ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ САНКЦИИ

# Заврши ја времињата на корупција во затворите

Ја намаливме и можноста за внесување на мобилни, дрога, пари преку храна. Ние имаме најдено калап сирење, засирен со телефон внатре, векна леб на која никаде не се познава дека е сечена, а внатре мобилен телефон



Изготвивме прирачник кој го поделивме на сите осуденици, со што имаат увид во тоа кои права им следуваат, кои погодности, кога можат да ги остварат и кој одлучува за тоа. Со тоа ќе ја надминеме таа манипулација, која постоеше години наназад, да им се наплаќа за одредени права кои законски им следуваат

Мито да се внесе мобилен телефон во затвор, купување дрога од надзорниците, плаќање на слободни викенди и одредени поволности во затворите, вака голем дел од затворениците ја опишуваат состојбата во затворите. Министерството за правда, заедно со Управата за извршување санкции, објави војна на корупцијата во воспитно-поправните институции. Отворен е број на кој граѓаните можат да пријават доколку имаат сознанија за коруптивни дејствија во затворите. Директорката на Управата, Лидија Гаврилова, најавува дека нема да има милост за никого. Вели, секој ќе мора да одговара за своите постапки. Им препорачува на сите вработени да внимаваат да не се најдат на другата страна на решетките.

**Досега како да беше јавна тајна дека во затворите надзорниците прават свој, може да се каже, приватен бизнис. За одредена сума им "продаваат" одредени поволности на затворениците. Конечно, по догли години се најави справување со корупцијата во затворите. Кои конкретни чекори ги преземате?**
- Управата за извршување санкции започна со зачестени контроли во затворите. Изготвивме прирачник кој го поделивме на сите осуденици со што имаат увид кои права им следуваат, кои погодности, кога можат да ги остварат и кој одлучува за тоа. Со тоа ќе ја надминеме таа манипулација која постоеше години наназад, да им се наплаќа за одредени права кои законски им следуваат. Некој ако имал намера да заработува на тоа, повеќе нема да може. На веб-сајтот на Управата или на отворениот број секој граѓанин ќе може да пријави одредени злоупотреби од страна на вработени, да поднесе претставка ако смета дека нешто не чини. Се надевам со буџетот во 2010 година ќе имаме средства да набавиме одредена техника која ќе ни овозможи автоматски надзор на она што се случува внатре во затворите. Веќе се направени големи чекори, но треба се уште сериозно да се работи за да ги видиме резултатите. Правиме и краткорочни активности, кои ако не повеќе, ќе ги предупредат вработените дека времињата на кои се научени повеќе ги нема. Секој ќе мора да одговара за своите постапки. Јас би им препорачала на сите вработени да внимаваат да не се најдат на другата страна на решетките. Тогаш е најтешко. Нема да имаме милост за никој за кого има индиција дека е вовлечен во сите тие мрежи, без разлика дали е директор или надзорник .

**Според затворениците за стотина евра од вработените во затворот добиваат мобилен телефон, а нешто повисока е цената за набавка на наркотички средства?!**
- По систем на изненадување постојано правиме контроли за внесување на мобилни телефони и недозволени работи. Најзачестени проверки имаме во притворското одделение во затворот

во Скопје, каде постојано се наоѓаат мобилни кои се одземаат. Веќе неколку месеци во сила е забрана на внесување на мобилни телефони од самите вработени. Издадовме наредба за поставување на сандачиња каде вработените ќе ги оставаат мобилните и личните предмети. Секаде постојат детекторски врати, како и рачни детектори и при самото влегување во објектите се претресуваат и вработените. Правиме и целосен претрес при промена на смена за да се провери дали е возможно да се внесе дрога преку вработен. Досега немаме констатирано таков случај. Во 2007 година заедно со полицијата во затворот во Скопје направивме комплетен претрес со кучиња дресирани за детектирање на дрога и не најдовме ништо. Имаше некои траги, но тие беа минимални и се претпоставува дека поминало извесно време. Сега-засега нема индиции дека некој од вработените внесува дрога.

**Советот на Европа предупреди дека во македонските затвори се врши тортура, затворениците се врзуваат со лисици за креветите, хигиената е на ниско ниво, условите се лоши. Владата најави 14 милиони евра за подобрување на условите. Дали тие средства се искористени и кои се идните проекти?**
- Имаме голем напредок во однос на постапување по препораките од Советот на Европа. Реформите во затворскиот систем се имплементираат во две насоки - подобрување на условите за престој и зајакнување на капацитетите на вработените. Во 2007 година се направи анализа која покажа дека објектите се несоодветни и дека бројот на пероснaлот не одговара на европските стандарди. Во 2006 година во Идризово имаше еден вработен на 100 осудени. Сега веќе имаме 1 вработен на 30, а за да ја усогласиме таа бројка со европските стандарди треба да имаме 1 спрема 8 , најмногу 1 спрема 14. Планирани се 88 нови вработувања, а до 2012 година над 300 вработувања. Доаѓаме во финална фаза, се подготвува вториот физибилити извештај и мислам дека ќе бидат потребни повеќе од тие 14 милиони, но колку ќе треба - рано е да се каже. Извештајот ќе биде готов до крајот на месецов, ќе го доставиме до Влада, па ќе се одлучи за комплетната вредност на оваа активност. Се предвидуваат не само објекти за сместување на осудените лица, туку и сали за спорт, работилници, амбуланта во Идризово. Метадонскиот центар ќе се смести во посоодветни простории. Во Идризово е реновирано најстарото крило, се реновира т.н. старечко одделение и училиштето. Има нова опрема, кревети, постелнина, шкафови. Планираме целосна реорганизација на затворите Идризово и Скопје, а сосема нов објект на воспитно-поправниот дом во близина на Тетово. Во затворот во Скопје почна да функционира капијата каде што има инсталирано ренген-тунел и детектор врата, набавени се рачни детектори. Направено е ново крило, нова стомотолошка опрема и имаме вработено луѓе од тој профил. Решен е и проблемот со пренатрупаноста во притворското одделение. Зградата на затворот Куманово е изградена преку проект. Ќе се изгради комплетната инфраструктура, како кујна со трепезарија, работилници, училници.

**Во март годинава затвореници од затворот Скопје или познат како Шутка се жалеа на тортура од страна на затворските службеници. Се презедоа ли соодветни мерки против надзорниците?**
- Тој случај е процесуиран. Имам информација дека е започната кривична постапка против четворица вработени. Секогаш кога е преземена физичка сила Управата проценува дали се работи за прекумерна сила или таа во рамките на потребното. Годинава ова е единствен случај каде е применета прекумерна физичка сила. Но имаме дисциплински постапки за вработените, главно парични казни, меѓутоа и отказни решенија. Имаме програма за едукација која оперативно се реализира. Оваа година се врши едукација на новопримениот кадар, но започнува циклусот и за постарите.

**Годинава Битола беше најактуелен затвор во однос на бегствата, штрајкувањата со глад и незадоволството на затворениците. Дали затворениците со притисокот кој го вршеа издејствуваа одредени поволности кои ги нема во другите затвори?**
- Во суштина секаде има проблем кога од страна на вработените се прекинати досегашните вообичаени односи меѓу нив и затворените лица. Секогаш кога ќе се обидете да му одземете на некого нешто кое со години го имал, а било спротивно на закон, има реакции. Се почнува со бегства, штрајкови со глад, чија главна цел е вршење на притисок врз Управата. Кон сите осудени имаме ист пристап и секој ќе добие онолку колку што заслужил. Во однос на правата нема ограничувања, тие се почитуваат, но во однос на погодностите имаме друга ситуација и тие зависат пред се од однесувањето на осуденикот. Отстапките кои се направија во Битола беа минорни. Тие бараа внесување на храна, но внесувањето на неограничени количини храна во просториите каде што престојуваат дава многу лоша слика за хигиената. Со законот се утврдува месечен пакет од 10 килограми, но тука влегуваат препарати за лична хигиена,

книги, храна... Досега право за пакет се подразбираше 10 килограми храна. А храната е најприменуван начин за внесување на недозволени предмети. Затоа тоа се ограничи и имаме резултат. Пред се хигиената е подобрена, но ја намаливме и можноста за внесување на мобилни, дрога, пари преку храна. Ние имаме најдено калап сирење, засирен со телефон внатре. Векна леб на која никаде не се познава дека е сечена, а внатре мобилен телефон. На времето било дозволено во секоја просторија да има решо или плинска боца. Не се правеше само кафе, туку се вареа манџи, се пржеа колбаси, се вареа макарони. Сега веќе не е дозволено.



**Колку осудениците се ресоцијализирани откако ќе ја напуштат затворската институција?**
По издржувањето на казната треба да се вклучат центрите за социјална грижа. Меѓутоа, се уште врската меѓу затворот и центрите не се доведени до ниво на добра соработка. Од наша страна имаме тимови кои во последниот период од издржувањето на казната работат со осудените во поглед на нивно прилагодување по излегувањето. Но по излегувањето од затворот, ние ги известуваме центрите и полицијата и тука замира работата со него. Ние планираме да создадеме просторни услови, но и да формираме тимови кои ќе работат со осудените точно во оној период пред напуштање на установата. До крајот на оваа година ќе создадеме услови на секој осуденик при приемот да му биде извшена анализа на ризикот, проценка од повеќе аспекти, самоповредување, агресивност во однос на другите осудени и ризик по општеството, како бегства. Треба подлабински да се скенира личноста на осуденикот и ќе може со поголема точност да се утврди програмата за негов третман. Сега тоа за врши врз основа на делото, висината на казната, дали е примарен осуденик или повторник.

**Немаше притисок за Спаска Митрова**
**Во овој период актуелен е случајот со Спаска Митрова, Македонката со бугарски пасош, која предвреме ја напушти келијата. Имавте ли одредени притисоци за да ја ослободете Спаска?**
- Јас лично немав притисок, а истото можам да го кажам и за директорот со кој сме во постојана комуникација. Секогаш кога осуденикот го почитува куќниот ред, нема дисциплинска казна максимум 30 дена порано може да биде ослободен. Митрова беше примерен осуденик. Според мене законскиот минимум е многу малку за да може да се мотивира затвореникот. Тој минимум треба да зависи и од висината на казната, за тоа реално да го мотивира затвореникот дека со добро однесување може порано да го напушти затворот.